Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Сл.весник на РМ“ бр.66/2013 и 114/2014) и член 31, 32, и член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20.01.2022 година и бр.199/24), расправајќи по правното прашање од интерес за работата на советите во судот за единствената примена на правото и воедначување на судската практика, на седница одржана на ден 26.12.2024 година, го утврди следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Околноста што како странка се јавува судија на тој суд, не е секогаш важна причина да се определи во одделен предмет да постапува друг стварно надлежен суд, туку судот треба да испита дали постои причина да се определи друг суд преку примена на субјективниот и објективниот тест за утврдување на непристрасност на судиите и да даде образложени причини за својата одлука.**

## О б р а з л о ж е н и е

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 05.02.2024 година донесе заклучок правното прашање дали постои причина да се определи во одделен предмет да постапува стварно надлежен суд во случај кога како странка се јавува судија на тој суд, да се разгледа од страна на Одделот за граѓански дела за да се воедначи судската практика при одлучувањето. Заклучокот е донесен врз основа на констатирана различна судска практика во предметите на советите на Одделот за граѓански дела, Р-15/22, Р-35/23, Р-1/22, Р-5/21, Р-16/23, Р-208/19, Р-337/22, Р-46/18, Р-128/17, Р-166/15, Р-106/14.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање, го утврди правното мислење поради следните причини:

Согласно член 61 од Законот за парничната постапка, Врховниот суд на Република Северна Македонија може, по предлог од странката или од надлежниот суд, да определи во одделен предмет да постапува друг стварно надлежен суд, ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако за тоа постојат други важни причини.

Согласно член 11, став 1 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите. Во ставот 2, е предвидено дека се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основи од кој било субјект.

Во пресудата на Европскиот суд за човекови права, Митров против Република Македонија од 02 јуни 2016 година, судот утврдил дека имало повреда на член 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права, според кој меѓу другото е предвидено дека при утврдување на неговите граѓански права и обврски, секој има право на правично судење од страна на независен и непристрасен суд воспоставен со закон. Судот утврдил недостиг на непристрасност бидејки сите судии на судот ја немале неопходната непристрасност во предмет во кој како странка се јавува судија на тој суд.

Имајки ги во предвид напред наведените законски одредби како и пресудата на Европскиот суд за човекови права, Митров против Република Македонија од 02 јуни 2016 година, неспорно е дека личната непристрасност на судија/судии мора да биде претпоставена се додека не се докаже спротивното.

Сомневањето во објективното и непристрасно одлучување на судиите во конкретен предмет не претставува директна, непосредна закана или ризик кој би довел до неправичност на предметната постапка за да се смета за објективно оправдано во смисла на членот 6 од Европската конвенција за човекови права и би довело до нужно определување на друг стварно надлежен суд кој би постапувал во предметот во кој како странка се јавува друг судија од тој суд.

При одлучување по поднесен предлог за определување на друг стварно надлежен суд поради напред наведената причина, постоењето на непристрасност мора да се утврди во согласност со субјективниот тест, каде што мора во секој конкретен предмет да се има предвид личното убедување и однесувањето на судиите односно дали судиите имале било какви лични предрасуди или пристрасност во даден случај во кој како странка се јавува друг судија од тој суд. Воедно, при одлучувањето треба да се примени и објективниот тест преку кој ќе се утврди дали самиот суд и меѓу другите аспекти, неговиот состав и број на судии, големината на суд, нудат доволно гаранции за да исклучи секакво оправдано сомневање во однос на неговата непристрасност.

Поради напред наведеното, Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека во секој индивидуален случај треба да се утврди дали предметната поврзаност за која станува збор е од таква природа или степен за да создава недостиг на непристрастност од страна на судот.

Оддел за грѓански дела,